**Влада на Република Македонија**
**Агенција за остварување на**
**правата на заедниците**

**НАСЛОВ:** ***Извештај за работата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2011 година***

**ПОТПИС:** ______________________________

**Скопје, Март 2012 година**

СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

1. Вовед........................................................................................................4

2.Извештај за спроведени постапки за вработување ........................................5

3. Проектни активности ......................................................................................5

4. Соработка и работа во комисии .....................................................................7

5. Меморандуми за соработка ............................................................................8

6.Извештај за учество на вработените на обуки.................................................8

7. Извештај за спроведени јавни набавки ...........................................................9

8.Финансиско работење. ......................................................................................9

# 1. Вовед

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ (Службен весник на РМ бр.92/08 од 22.јули 2008 год) заради следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице со седиште во Скопје, чии основни надлежности се остварување и унапредување на правата на заедниците од областа на вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употреба на јазикот, образование (основно, средно и високо), културата и други области во кои со закон се утврдени правата на припадниците на заедниците.

Агенцијата својата надлежност ја спроведува врз основа на начелата на законитост, транспарентност, еднаквост, одговорност и правичност.

Во согласност со член 12 став 2 од Законот за унапредување и заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ, Директорката на Агенцијата го поднесува следниот извештај за работа:

1. Извештај за спроведена постапка за вработување,
2. Проектни активности,
3. Соработка и работа во комисии,
4. Меморандуми за соработка,
5. Извештај за учество на вработените на обуки,
6. Извештај за спроведени јавни набавки
7. Финансиско работење на Агенцијата за 2011 година

## 2. Извештај за спроведени постапки за вработување

Врз основа на Извадок од Нацрт-записник од Седмата (тематска) седница на Влада на Република Македонија со број 51-4383/1 од 25.08.2011 година од страна на Агенцијата за остварување на правата на заедниците е отпочната постапка за превземање на 3 државни службеници од Секретаријатот за спроведување на охридски рамковен договор.

## 3. Проектни активности

Агенцијата за истварување на правата на заедниците во текот на 2011 година ги реализираше следните проектни активности:

### *3.1 ПРОЕКТ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ*.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во тек на 2011 година ја реализира втората фаза од Проектот за јакнење на капацитетите на АОПЗ финансиски подржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Целта на проектот е придонес кон подобра реализација на правата на заедниците во Македонија, преку јакнење на административните капацитети на Агенцијата и граѓанскиот сектор од заедниците. Во рамките на проектот се реализираа следните активности:

***3.1.1 Ревизија на стратешките документи на Агенцијата,***

Во рамките на горенаведениот проектор од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје финансиски е подржана обука на вработените во Агенцијата на тема „Стратешко планирање“ преку која сите вработени во Агенцијата ги стекнаа основните знаења за изработка на стратешки документи. По завршување на обуката вработените во Агенцијата со стручна помош од домашни експерти ги ревидираа Стратешкиот план 2010-2012 година и Годишната програма за работа за 2010 година и во целост ги изработија Стратешкиот план 2012-2014 година и Годишната програма за работа за 2012 година.

***3.1.2 Изработена е Комуникациска стратегија,***

Во рамките на горенаведениот проект Мисијата на ОБСЕ во Скопје финансиски подржа обука за вработените во Агенцијата на тема „Односи со јавноста“ преку која вработените ги стекнаа основните знаења на оваа тема. Во понатамошната фаза од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше ангажиран домашен експерт кој заедно со вработените од Агенцијата ја изработија „Комуникациската стратегија на Агенцијата за остварување на правата на заедниците 2011-2014 година“. Комуникациската стратегија содржи:

- цели на комуникацијата во однос на стратешките приоритети на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, за периодот од 2011-2014 година;
- целни групи и анализа на нивните потреби
- пораки кои Агенцијата ќе ги користи кон секоја целна група посебно;
- алатките или инструменти за комуникација кои Агенцијата ќе ги користи при пренесување на пораките и остварувањето на комуникацијата;
- генерална временска рамка за спроведување на потребните активности;
- насоки за изработка на буџет за реализација на Стратегијата;
- методи за мониторинг и евалуација на Стратегијата.

Главната цел на комуникациската стратегија на Агенцијата за остварување на правата на заедниците е да се зголеми препознатливоста, активната поддршка кон Агенцијата за остварување на правата на заедниците од страна на јавноста, како и соработка со институциите.
Оваа цел се постигнува преку:
а) зголемување и поттикнување на одговорноста и транспарентниот пристап во функционирањето на Агенцијата за остварување на правата на заедниците;
б) Поттикнување на граѓаните и релевантните институции да се вклучат во процесот на работа на Агенцијата.

### *3.1.3 Воспоставен е модел на соработка помеѓу Агенцијата, останатите институции и граѓанскиот сектор,*

Во рамките на стратешките и комуникациските документи на Агенцијата предвидени се низа на модели на соработка со останатите институции и граѓанскиот сектор. Соработката со институциите се заснива на реализација на заеднички активности, постојана размена на податоци и изработка на заеднички проекти со посебен осврт на правата на заедниците во Република Македонија.
Соработката со граѓанскиот сектор се состои во нивна вклученост во актвностите на Агенцијата, реалзација на заеднички проекти и подршка на проектие на граѓанскиоте организации од страна на Агенцијата, вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на креирање на политики од областа на правата на заедниците итн. Во рамките на Агенцијата е изработена и база на податоци на граѓански здруженија кои во своите статутарни одредби имаат предвидено унапредување и заштита на правата на заедниците која се користи за комуникација со овие здруженија.
Во текот на 2011 година спроведен е конкурс за обуки за граѓански здруженија кои во своите статутарни одредби имаат предвидено унапредување и заштита на правата на заедниците. На конкурсот од страна на комисија составена од претставници на Агенцијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје беа изберени 10 граѓански организации кои учествуваа во 3 тродневни обуки и тоа:

- **Човекови и малцински права,нивно унапредување и заштита**
- **Обука за Раководење со проектен циклус**
- **Обука за методи и инструменти за прибирање податоци**

Исто така од страна на Агенцијата беше дадена подршка за изработка и аплицирање на проекти на граѓански здруженија, а од нивна страна Агенцијата доби поддршка во спроведување на Кампањата за попис на население и домаќинства 2011 година.

### *3.1.4 Воспоставен е Партиципативниот форум на заедниците, реализирани се серија на обуки за вработените во Агенцијата и представниците на граѓанскиот сектор итн.*

Со финансиска подршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во текот на 2011 година започнато е со практика на организација на Партиципативен форум на заедниците. Мисија на форумот е унапредување на остварувањето на правата на заедниците преку поголемо учеството на припадниците на заедниците во процесите на креирање на политики и одлучување, како и размена на позитивни искуства и практики во областа на унапредување и заштита на правата на заедниците.
Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2011 година го организира првиот подготвителен форум на кој беше презентирана предлог методологијата за работа. Во текот на 2012 година е планирано да се организираат 4 форуми.

Во работата на форумот учествуваат:

- Институции на централно ниво: Агенција за остварување на правата на заедниците; Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор; Собраниски Комитет за односи меѓу заедниците; Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија; Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците; Народен правобранител; Комисија за заштита од дискриминација; Секретаријат за европски прашања; Министерство за надворешни работи; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за локална самоуправа; Министер без ресор во Влада на РМ – Неждет Мустафа; Министер без ресор во Влада на РМ – Хади Незир.
- Здруженија на граѓани од: Турска заедница; Ромска заедница; Српска заедница; Влашка заедница; Бошњачка заедница; Останати заедници;.
- Меѓународни организации: Мисија на ОБСЕ во Скопје; Европска комисија; УНДП; УСАИД; ТИКА (со статус на набљудувачи)
- Домашни и странски експерти
- Истакнати претставници од заедниците

Во делокругот на работа на партиципативниот форум спаѓа:

- Координација на интересите на различни заедници и институции кои ги претставуваат заедниците.
- Вклучување во подготовка на закони: преземање на законски иницијативи; разгледување и давање на коментари на предлог закони кои се однесуваат на правата на заедниците
- Учество во изработка на владини програми кои се од особено значење за заедниците
- Учество во одредување на приоритети во рамки на владините политики кои се однесуваат на заедниците или пак се во врска со прашања кои се од особена важност за заедниците
- Учество во истражувања и проценки на потребите на заедниците
- Едукација на јавноста за потребите, барањата и можностите на заедниците
- Учество во одлуки за финансирање на програми наменети за заедниците
- Мониторинг и евалуација на реализација на програмите наменети за заедниците
- Поддршка на соработката помеѓу централната и локалните власти за прашања кои се однесуваат на заедниците
- Соработка со меѓународни организации

## *3.2 ПРОЕКТ ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА*

Агенција за остварување на правата на заедниците и во текот на 2011 година активно учетвуваше во повеќегодишна програма на Обединетите Нации во партнерство со Секретаријатот за спроведување на охридскиот рамковен договор, наречен ***„Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка„***. Овој проект има за цел унапредување на мултиетничкиот дијалог и соработка и во него покрај Агенцијата се вклучени и, Министерство за локална самоуправа, Собранискиот Комитет за односи меѓу заедниците, представници од локалните самоуправи од Кичево, Куманово и Струга и повеќе граѓански организации. Во рамки на овој проект Агенцијата за

остварување на правата на заедниците учествуваше на повеќе работилници во организација на УНДП и германската организација ЦССП проект.

### *3.3 ПРОЕКТ ЗА ПРИМЕНЕТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно се вклучи во проектот за Средно стручно образование во реализација на Претседателството на Фондацијата за социјална помош и солидарност на Кајмакамликот на Мезитли. Во рамките на проектот 20 ученици од средно образование претстојуваа во провинцијата Мерсин од 30 Јуни – 30 Јули 2011 година со цел да се стекнат со дополнителни знаења од областа на своите струки.

### *3.4 КАМПАЊА ЗА ПОПИС*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со Државен завод за статистика и Државна пописна комисија, а финансиски подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје реализира Кампања за попис на население и домаќинства 2011 година насловена „Мојата заедница, Мојот дом, Македонија". Во рамките на Кампањата се посетени 12 пописни реони вклучувајќи градови и села во кои припадниците на заедниците се застапени. Целта на Кампањата беше да се доближи пописот до граѓаните, подобро да се запознаат со своите права и граѓаните да се информираат за значењето на пописот. Во рамките на Кампањата остварени се средби со граѓани, одржани се трибини во 12 пописни реони и поделени се информативни материјали на граѓаните.

### *3.5 ПАРТИЦИПАТИВНИ ФОРУМИ*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка и порджка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје отпчна со организација на партиципативни Форуми на заедниците. Целта на партиципативните форуми е зајакнување на соработката меѓу органите на државната управа и заедниците, изготвување на препораки, законски и други предлог текстови, давање на мислења во врска со предложените владини политики кои можат посредно или непосредно да влијаат врз остварување на правата на заедниците.

### *3.6 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО ВО Р.МАКЕДОНИЈА НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО*

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во рамките на со Закон предвидените надлежности изготви анализа на состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ на централно и локално ниво. Во текот на изработката на оваа анализа Агенцијата достави барања за податоци до сите институции на централно и локално ниво. Делот од анализата кој што се однесува на состојбите со правична и соодветна застапеност на локално ниво, содржи обработени податоци за сите општини во Република Македонија. За состојбата на централно ниво, обработени се податоци за вкупно седумдесет и шест институции.

### *3.7 АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ОБРАЗОВАНИЕТО НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ – РЕДОВНА НАСТАВА И ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ*

Врз основа на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ со член 5, се регулира правото на образование во сите степени на образование на својот јазик во согласност со Закон.Во рамките на своите активности Агенцијата во соработка со Управата за развој на образованието на припадниците на заедниците (Турци, Срби, Власи, Бошњаци, Роми ) изготви анализа за состојбите во основно и средно образование односно бројот на ученици во истото за тековната учебна 2011 – 2012 година.

Анализата ги опфаќа сите основни и средни училишта во РМ во кои се изведува редовна настава на турски наставен јазик, српски, и босански како и училишта во кои се изучува изборен предмет Јазик и култура на Власите. Ромите и Бошњаците.( овие заедници немаат настава на свој мајчин јазик

### *3.8 ИЗАБОТКА НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ КОИ ВО СВОИТЕ СТАТУТАРНИ ОДРЕДБИ ИМААТ ПРЕДВИДЕНО УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ*

Во Јули 2011 година изработена е база на податоци на здруженија на граѓани и фондации кои во своите статутарни одредби имаат предвидено и унапредување и заштита на правата на припадниците за заедниците во РМ. Базата на податоци постојано се ажурира и се користи за потребите на Агенцијата, во областа на соработката со граѓанскиот сектор и унапредување и заштита на правата на заедниците.

### *3.9 ИЗРАБОТКА НА WEB СТРАНИЦА НА АГЕНЦИЈАТА*

Во Март 2011 година изработена е и пуштена во употреба веб страната на Агенцијата за остварување на правата на заедниците. За почеток веб страницата е изработена само на македонски јазик, а за наредниот период е планиран превод на текстовите објавени на веб страната да бидат преведувани на јазиците на заедниците и на англиски јазик.

## 4. Соработка и работа во комисии:

**1.** Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествуваше во работата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) преку Работната група за Поглавјето I – Политички критериуми, во рамкитњ на делот Човекови права и заштита на малцинствата. Сите мерки и активности превземени преку Националната Програма од страна на Агенцијата за остварување на правата на заедниците беа реализирани.

**2.** Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците Г-ѓа Весна Бабиќ-Петровски учествуваше во работата на Советодавниот комитет за истражување за спроведување на Охридскиот рамковен договор,во рамките на проектот финансиран

од страна на Делегацијата на Европската Унија, а кое го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка и Асоцијацијата за демократски иницијативи.

**3.** Претставник на Агенцијата за остварување на правата на заедниците активно учествуваше во изработката на Националната стратегија за еднакви можности и недискриминација.

**4.** Во месец Јули 2011 година во Македонија допатува делегациоја на Фондот за малцинства на Црна Гора во работна посета на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со цел унапредување на соработката на двете институции со посебен осврт на Правилниците и критериумите за финансирање на проекти на граѓанскиот сектор и развивање на заеднички меѓународни проекти од областа на заштита на правата на заедниците

## 5. Меморандуми за соработка:

Потпишан е Меморандум за соработока помеѓу Агенцијата за остварување на правата за заедниците и Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија. Цел на Меморандумот е Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците со подршка на Мисијата на ОБСЕ во Р.Македонија

## 6.Извештај за учество на вработените на обуки

Во текот на 2011 година вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествуваа на следниве обуки:

**"Управување со проектен циклус"** со траење од 10 месеци почнувајќи од март, организирана од Агенција за администрација .На оваа обука присуствуваше еден државен службеник.

**„Човекови и малцински права,нивно унапредување и заштита"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата. Покрај вработените во обуките беа вклучени и представници на граѓанскиот сектор од заедниците.

**„Обука за Раководење со проектен циклус"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата. Покрај вработените во обуките беа вклучени и представници на граѓанскиот сектор од заедниците.

„**Обука за методи и инструменти за прибирање податоци"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата. Покрај вработените во обуките беа вклучени и представници на граѓанскиот сектор од заедниците.

**„Стратешко планирање"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Обука за мобилизација на фондови"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Односи со јавноста"** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Обука за малцински права: набљудување, анализа и известување“** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Обука за најдобри практики за финансиска поддршка“** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Обука за административно работење“** подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваа сите вработени во Агенцијата.

**„Медијација и решавање на спорови“** во организација на ЦССП како дел од проектот на УНДП "Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка". На оваа обука учествуваа четири државни службеници од Агенцијата.

**„Обука за мониторинг и евалуација“** во организација на ЦССП како дел од проектот на УНДП "Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка". На оваа обука учествуваа четири државни службеници од Агенцијата.

**„Семинар и рефлексија за раководството“** во организација на ЦССП како дел од проектот на УНДП "Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка". На оваа обука учествуваа два државни службеници и раководните кадри од Агенцијата.

**„Обука за медијација и решавање на споровите (втора фаза)“** во организација на ЦССП како дел од проектот на УНДП "Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка". На оваа обука учествуваа два државни службеници и раководните кадри од Агенцијата.

**„Семинар за раководство за централната и локалната власт“**во организација на ЦССП како дел од проектот на УНДП "Подобрување на меѓуетничкиот дијалог и соработка". На оваа обука учествуваа два државни службеници и раководните кадри од Агенцијата.

## 7.Извештај за спроведени јавни набавки

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците во текот на 2011 година се спроведени 3 постапки за јавни набавки без објавување на оглас и тоа:

Поправка на инсталација за парно греење во вредност од 116.849,50 со вклучен ДДВ.

Поправка на возило во вредност од 37.900 денари без вклучен ДДВ.

Превод од македонски на англиски јазик во вредност од 531.00 денари по страна со вкупна вредност од 3.717,00 денари со вклучен ДДВ.

## 8. Финансиско работење

Средствата за извршување на функцијата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, која во 2011 година изнесуваше 6.231.000 денари. Средствата во износ од 6.181.000 денари беа планирани за тековни расходи (плати, стоки и услуги и др.), додека 50.000 денари за капитални расходи (за вложувања и нефинансиски средства, како и софтфер). Буџетот е реализиран со 92 %, односно реализирани се расходи во износ од 5.720.952 денари. Тековните расходи се реализираа со 93 % што се проценува како исклучително совесно користење на средствата и соодветно квалитетно буџетско планирање. Подолу е даден табеларен и графички приказ на расходите во 2011 година.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ од 01.01.2011 до 31.12.2011 година (во мкд) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.бр. | О п и с | Реализација | Буџет (ребаланс) | % на реализација |
| | **РАСХОДИ (вкупно)** | **5,720,952** | **6,231,000** | **92%** |
| **1** | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **5,720,952** | **6,181,000** | 93% |
| **1.1** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **4,163,986** | **4,300,000** | 97% |
| **1.2** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | |
| **1.3** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,556,966** | **1,881,000** | 83% |
| 1.3.1 | Патни дневни расходи | 6,025 | 40,000 | 15% |
| 1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 785,273 | 929,000 | 85% |
| 1.3.3 | Материјали и ситен инветар | 39,708 | 50,000 | 79% |
| 1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 176,931 | 232,000 | 76% |
| 1.3.5 | Договорни услуги | 532,241 | 600,000 | 89% |
| 1.3.6 | Други тековни расходи | 16,788 | 30,000 | 56% |
| 1.3.7 | Привремени вработувања | 0 | 0 | |
| **2** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **50,000** | 0% |
| 2.1 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | |
| 2.2 | Градежни објекти | 0 | 0 | |
| 2.3 | Купување на мебел | 0 | 0 | |
| 2.4 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 50,000 | 0% |
| | **ПРИХОДИ** | **5,720,952** | | |
| **1** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **5,720,952** | | |
| 1.1 | Трансфери од други нивоа на власт | 5,720,952 | | |
| 1.2 | Донации од странство | | | |




Буџет 2011, реализација
мкд
7,000,000
6,000,000
5,000,000
4,000,000
3,000,000
2,000,000
1,000,000
0
РАСХОДИ (вкупно)
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ
Расходи
Буџет (ребаланс)